Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-653/22
Прилеп, 26.04.2023 год.

Врз основа на членовите 71, 72 и 86 од Статутот на Прехранбена индустрија „Витаминка“ АД Прилеп (02-2251/15 од 15.06.2019 год. – пречистен текст), а согласно точки IV.4 и IV.5 од Кодексот за корпоративно управување на Друштвото, Одборот на директори на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, донесе:

# ДЕЛОВНИК

**за работа на комисиите за помош во извршувањето на задачите на Одборот на директори**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник се утврдуваат задачите и функциите на секоја комисија чија што задача е помагање во извршувањето на задачите на Одборот на директори, нејзиниот состав и начинот на кој ги извршува своите задачи и функции.

Член 2

Од страна на Одборот на директори се формирани и функционираат следните комисии:

1. Комисија за ревизија;
2. Комисија за избор, именување и наградување.

Во зависност од потребите на работењето, Одборот на директори може да формира нови комисии или да ја реорганизира работата на една или на сите постоечки комисии, на начин што ќе го измени и / или прошири делокругот на работа.

Член 3

Секоја комисија има три членови.

Еден од членовите се избира за Претседател на комисијата.

Мнозинството членови на секоја комисија го сочинуваат неизвршните членови и најмалку една третина од нив се од редот на независните членови.

Комисиите имаат и по еден надворешен член од редот на раководните лица во друштвото или трети лица, кои поседуваат соодветна експертиза, се независни и од друштвото и од неговиот орган на управување и немаат судир на интереси според критериумите што се применуваат за членовите на одборот на директори.

Мандатот на членовите на комисиите се поклопува со мандатот на постоечкиот состав на одборот на директори. Притоа, независните членови на одборот на директори кои што се членови на комисиите, не можат да бидат повторно избрани за членови.

Член 4

Комисиите одржуваат редовни и вонредни состаноци.

Состаноците ги свикува Претседателот на комисијата, со доставување покана и дневен ред до сите членови, најмалку 5 (пет) дена пред одржувањето на состанокот. Во итни случаи, кога се работи за вонредна седница и тоа го бараат околностите на случајот, Претседателот може да ја свика и во пократок рок и без доставување дневен ред.

Редовните состаноци се одржуваат на следниот начин:

1. За Комисијата за ревизија, најмалку еднаш квартално и задолжително најдоцна еден месец пред одржувањето на годишното собрание на акционери;
2. За Комисија за избор, именување и наградување, најмалку еднаш годишно, но најдоцна еден месец пред одржувањето на годишното собрание на акционери.

Динамиката на одржувањето на состаноците ја утврдуваат заеднички членовите на комисијата, водејќи сметка за овие Правила и другите акти на друштвото.

Барање за одржување состанок може да поднесе секој член на комисијата.

Состанок на комисија задолжително се одржува најдоцна во рок од 10 (десет) дена по писмено или усно барање на Одборот на директори во целина или од некој член на Одборот.

Член 5

После секој состанок на комисија, се доставува писмен или усмен извештај за заклучоците од состанок до Одборот на директори, кој се разгледува на првиот нареден состанок на Одборот на директори.

Член 6

Одборот на директори дава информација за комисиите во годишниот извештај на друштвото, вклучувајќи го нивниот состав и активности, бројот на одржани состаноци и присуството на секој член на комисијата на состаноците, како и главните прашања за кои се дискутирало.

Член 7

Одборот на директори ги обезбедува потребните простори и други услови за непречена работа на комисиите.

Одборот на директори може да одлучи да додели одредена награда за учеството на лицата во комисиите.

## II. КОМИСИЈА ЗА РЕВИЗИЈА

Член 8

Комисијата за ревизија има одговорност да врши надзор на управувањето со ризиците на друштвото и внатрешната контрола, финансиското известување и работата на надворешниот ревизор.

Комисијата за ревизија има посебно доверена контролна функција од Одборот на директори, во поглед на:

- контрола на спроведувањето на политиките за управување со ризиците;
- надзор над работењето на Службата за внатрешна ревизија;
- следење на кредитната изложеност на друштвото;
- врши испитување на документите, исправите и извештаите, сметководствените и финансиските постапки, електронските податоци и информационите системи и други евиденции од аспект на тоа дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот на финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени начела и сметководствени стандарди;
- врши испитување и оценка на извештаите на извршената интерна контрола, како и испитување и оценка на системот на финансиски менаџмент и контрола;

- врши испитување на финансиските трансакции кои претставуваат приходи и расходи во смисла на законско и наменско користење на средствата;
- дава оцена за користење на средствата од аспект на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност;
- дава оценка за преземените мерки од страна на Друштвото, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот ревизорски извештај;
- ја следи динамиката на извршувањето на надворешната ревизија, почитувањето на стандардите на работењето, роковите, како и придржувањето кон интерните акти за критериумите за избор на надворешна ревизија;
- поднесува предлог до Одборот на директори за прекин на ангажманот на надворешниот ревизор ако постојат околности кои претставуваат закана за неговата независност;
- врши контрола дали други вработени во ревизорската куќа каде што работи овластениот ревизор, извршуваат друга работа за друштвото и за неговите поврзани друштва што не претставува ревизија и предлага мерки до Одборот на директори;
- врши и други работи доделени од страна на Одборот на директори.

Член 9

Комисијата има право, без ограничување, да врши увид во документација и да бара информации од вработени во Друштвото или трети лица.

## III. КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР, ИМЕНУВАЊЕ И НАГРАДУВАЊЕ

Член 10

Комисија за избор, именување и наградување има одговорност да го надгледува изборот и именувањето на членовите на одборот на директори, но и врши надзор во делот на наградувањето на извршниот член на органот на управување, а особено:

- води грижа да се спроведе формална и транспарентна постапка за номинирање и избор на членови на одборот;
- ги разгледува профилите на сите предложени кандидати за членови на одборот и доставува мислење до одборот на директори за исполнувањето на критериумите;
- води грижа при изборот на членовите да се обезбеди соодветна стручност и професионалност на органот на управување;
- води грижа за постигнување на соодветна полова застапеност во органот на управување;
- предлага критериуми за утврдување на профилот на Одборот на директори;
- го утврдува профилот на раководителот на службата за интерна ревизија, како лице кое што директно одговара пред одборот на директори и учествува во неговиот избор;
- предлага цели, форми и методи за наградување на извршниот член на одборот на директори;
- го мониторира исполнувањето на утврдените цели, форми и методи за наградување на извршниот член на одборот на директори;
- го прегледува менаџерскиот договор со извршниот член и доставува свое мислење до неизвршните членови на одборот на директори.
- врши и други работи доделени од страна на Одборот на директори.

Член 11

Комисијата за избор, именување и наградување, води грижа процесот на избор на нови кандидати за членови на одборот на директори да започне навремено, но не подоцна од три месеци пред одржувањето на годишното собрание на акционери на Друштвото.

Комисијата за избор, именување и наградување, ќе обезбеди соодветни биографски податоци за лицата, најмалку во обем што го бара законот и Кодексот за корпоративно управување и откако одборот ќе се одлучи за предлог кандидатите, ќе ги истакне таквите податоци во рокот потребен за свикување на годишното собрание на акционери.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Измени и дополнувања на овој Деловник се вршат на начин и постапка како за негово донесување. Овој Деловник стапува на сила на 01.04.2023 година.

Член 13

Доколку одредена одредба од овој Деловник е во спротивност со важечките прописи или со Статутот на Друштвото, веднаш ќе се пристапи кон измена на Деловникот, а до тој момент одредбите од важечките прописи и Статутот ќе имаат директна примена.

Член 14

Деловникот за работа на комисиите за помош во извршувањето на задачите на одборот на директори се доставува до членовите на комисиите и се објавува на веб страницата на Друштвото.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Претседател